По позитивниот Извештај од Комисијата за одбрана (Бр. 05.12/756) Наставно-научниот совет, на шесттата седница одржана на 30 јануари 2012 година, донесе Одлука (07.01/1/5) со која ја прифати докторската дисертација, закажа јавна одбрана и го потврди составот на Комисијата за одбрана на докторската дисертација. Согласно оваа Одлука датумот на одржување на одбраната е 17-ти февруари 2012 година.

Позитивниот извештај од Комисијата за одбрана беше објавен на интернет страната на Институтот „Евро-Балкан“ во *Билтен* бр. I/27, од 7 декември 2011.

Драгана Каровска Чемерска, с.р.

Раководител на Одделение за правни работи

Скопје, 17 февруари 2012

**БР.07.01/4/2, 21-02-2012 г.**

**ЗАПИСНИК**

**За одбрана на докторска дисертација**

Составен на 17.02.2012 година, денот на одбраната на докторската дисертација, поднесена од кандидатот м-р Дејан Методијески, докторанд на Институтот „Евро-Балкан“, под наслов „*Руралниот туризам, креативните индустрии и улогата на руралната жена во можностите за нивното развивање и комерцијализација во Република Македонија*“.

Одбраната на докторската дисертација се изврши пред комисија во состав:

- проф. д-р Весна Матијашевиќ-Покупец
- проф. д-р Никола Панов
- доц. д-р Рубин Земон
- доц. д-р Панче Велков
- доц. д-р Нако Ташков

**Тек на одбраната**

Кандидатот го изложи своето експозе во кое укажува на основните резултати и сознанија до кои дошол при изработката на дисертацијата. Комисијата ги постави своите прашања на кои кандидатот даде аргументирани одговори.

Врз основа на изнесеното Комисијата утврди дека кандидатот м-р Дејан

Методијески ја одбрани докторската дисертација и се здоби со научен степен доктор на науки по социолошки и родови студии.

Скопје, ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ОДБРАНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

1. проф. д-р Весна Матијашевиќ-Покупец, с.р.
2. проф. д-р Никола Панов, с.р.
3. доц. д-р Рубин Земон, с.р.
4. доц. д-р Панче Велков, с.р.
5. доц. д-р Нако Ташков, с.р.

**6. Одбрана на докторска дисертација со наслов „Потрошувачките навики од родов аспект", на кандидатот м-р Тони Ианоски;**

**6.1. ИЗВЕШТАЈ ЗА ТЕКОТ НА ПОСТАПКАТА ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ И ОЦЕНКА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА НА М-Р ТОНИ ИВАНОСКИ;**

**6.2. Записник од одбраната на докторската дисертација;**

**БР.07.01/5/3, 01-03-2012 г.**

## ИЗВЕШТАЈ
### ЗА ТЕКОТ НА ПОСТАПКАТА ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ И ОЦЕНКА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА НА М-Р ТОНИ ИВАНОСКИ

Врз основа на одредбите од Законот за високото образование, Правилникот за начинот и постапката за организирање на последипломски студии и стекнување научни степени магистер и доктор на науки на Институтот за општествени и хуманистички истражувања „Евро-Балкан", кандидатот М-р Тони Ианоски пријави предлог за докторска дисертација под наслов *„Потрошувачките навики од родов аспект"*.

Врз основа на поднесениот Елаборат од страна на кандидатот (Бр. 05.12/94), Советот за научна дејност и последипломски студии на третата седница, одржана на 16 октомври 2008 година, донесе Одлука за формирање на рецензентска Комисија за оценка на научната издржаност на темата за изработка на докторската дисертација во состав: проф. д-р Емилија Симоска, проф. д-р Катерина Колозова и доц. д-р Јован Ананиев (Бр. 05.12/101). На предлогот на рецензентската Комисија наведен во нејзиниот извештај (05.12/115), Советот за научна дејност и последипломски студии на неговата осма седница, одржана на 12 ноември 2008 година, донесе Одлука (05.12/124) со која се одобрува како научно издржана предлог темата поднесена од М-р Тони Ианоски. Со Одлуката бр. 05.12/124/1 како ментор на докторската дисертација се назначува проф. д-р

Емилија Симоска.

Позитивниот извештај од Комисијата за оценка на научната издржаност на темата за изработка на докторската дисертација беше објавен на интернет страната на Институтот „Евро-Балкан“ во *Билтен* бр. I/4, 2008 година.

По поднесеното Менторско мислење од проф. д-р Емилија Симоска (05.12/604) во кое таа известува дека менторската фаза е завршена и по поднесеното Барање од кандидатот за формирање на Комисија за одбрана на докторска дисертација (05.12/604/1), Советот за научна дејност и последипломски студии донесе Одлука за формирање на Комисија за одбрана на докторска дисертација за подготовка на извештај (рецензија) за поднесената докторската дисертација (05.12/604/2). Комисијата е во состав: проф. д-р Емилија Симоска, проф. д-р Катерина Колозова, проф. д-р Марјан Бојаџиев, доц. д-р Софија Грандаковска и доц. д-р Јован Ананиев. Авторезимето на докторската дисертација (05.12/604/3) е поднесено до 8 високообразовни институции.

По позитивниот Извештај од Комисијата за одбрана (Бр. 05.12/750) Наставно-научниот совет, на шесттата седница одржана на 30 јануари 2012 година, донесе Одлука (07.01/1/6) со која ја прифати докторската дисертација, закажа јавна одбрана и го потврди составот на Комисијата за одбрана на докторската дисертација. Согласно оваа Одлука датумот на одржување на одбраната е 1-ви март 2012 година.

Позитивниот извештај од Комисијата за одбрана беше објавен на интернет страната на Институтот „Евро-Балкан“ во *Билтен* бр. I/28, од 20 декември 2011.

Драгана Каровска Чемерска, с.р.
Раководител на Одделението за правни работи

Скопје, 1 март 2012

**БР.07.01/4/3, 01-03-2012 г.**

**ЗАПИСНИК**

**За одбрана на докторска дисертација**

Составен на 01.03.2012 година, денот на одбраната на докторската дисертација, поднесена од кандидатот м-р Тони Иваноски, докторанд на Институтот „Евро-Балкан“, под наслов „*Потрошувачките навики од родов аспект*“.

Одбраната на докторската дисертација се изврши пред комисија во состав:

- проф. д-р Емилија Симоска
- проф. д-р Марјан Бојаџиев
- проф. д-р Катерина Колозова

- доц. д-р Софија Грандаковска
- доц. д-р Јован Ананиев

**Тек на одбраната**

Кандидатот го изложи своето експозе во кое укажува на основните резултати и сознанија до кои што дошол при изработката на дисертацијата. Комисијата ги постави своите прашања на кои кандидатот даде аргументирани одговори.

Врз основа на изнесеното Комисијата утврди дека кандидатот м-р Тони Иваноски ја одбрани докторската дисертација и се здоби со научен степен доктор на науки по социолошки и родови студии.

Скопје, ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ОДБРАНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

1. проф. д-р Емилија Симоска, с.р.
2. проф. д-р Марјан Бојаџиев, с.р.
3. проф. д-р Катерина Колозова, с.р.
4. доц. д-р Софија Грандаковска, с.р.
5. доц. д-р Јован Ананиев, с.р.

**7. Извештај на рецензентската комисија за оценка на научната издржаност на тема: „Преобмислување на заедниците: тело, граници, емоции" пријавена за изработка на докторска дисертација од страна на кандидатката м-р Ирена Цветковиќ;**

**БР.07.01/3/1, 26-01-2012 г.**

Скопје, 12.01.2012

До Наставно-научниот совет на
Институтот за општествени и хуманистички истражувања „Евро Балкан"
– Скопје

Наставно-научниот совет на Институтот за општествени и хуманистички истражувања „Евро Балкан" од Скопје, на својата петта редовна седница одржана на 23.12.2011 година, избра Рецензентска комисија за утврдување на подобноста на кандидатот м-р

Ирена Цветковиќ за научна работа и за одобрување на тема за изработка на докторска дисертација под наслов „Преобмислување на заедниците: тело, граници, емоции“. Во согласност со Правилникот за постдипломски студии и добивање докторат на науки на Институтот за општествени и хуманистички истражувања „Евро Балкан” во Скопје, Рецензентската комисија во состав: Доц. д-р Софија Грандаковска, Доц. д-р Рубин Земон и Доц. д-р Бошко Караџов, подготви извештај за предложената тема и истиот го доставува до Деканатот и до Наставно-научниот совет, во натамошна процедура.

**ИЗВЕШТАЈ**

во врска со предложената тема за изработка на докторска дисертација од страна на м-р Ирена Цветковиќ, „Преобмислување на заедниците: тело, граници, емоции“

1. По добивањето на потребните материјали предложени од кандидатот м-р Ирена Цветковиќ, рецензентската комисија во состав: д-р Софија Грандаковска, асистент професор, д-р Рубин Земон, асистент професор и д-р Бошко Караџов, асистент професор, се состана, ја разгледа предложената тема од кандидатката и предложените истражувачки методи и премиси и ја дава следнава

**Оценка**

на предлогот за изработка на докторска дисертација на тема „Преобмислување на заедниците: тело, граници, емоции“ од м-р Ирена Цветковиќ:

Рецензентската комисија е на мислење дека темата „Преобмислување на заедниците: тело, граници, емоции“ би можела да претставува навистина корисна за современите теоретски истражувања во рамки на културата и културологигјата во делот на постмодерната мисла за критичката дискурзивна анализа и релациите меѓу дискурсите на моќта, социјалната линија во феноменолошките проучувања на поединецот, заедницата и медиумите. Посебен предмет на истражување ќе биде акцијата „Сузбивање на улична проституција“ спроведена од Министерството за внатрешни работи на РМ во 2008 година во контекст на теоретското проблематизирање низ хегеминистичките културни политики на телото, а ќе биде применет сложен комбиниран методолошки интерпретативен пристап: квалитативни, квантитативни методи и методот на студијата случај како исклучителен во однос на анализирање на феномени базирани врз квалитативни докази во конкретен општествен контекст.

Рецензентската комисија посебно сака да нагласи дека покрај темелната дискурзивна анализа и начините на кои различните дискурси продуцираат и репродуцираат социјална, политичка нееднаквост и моќ, компаративно ќе биде истражен и систематски аплициран начинот на кој тие се поврзани со структурите на социо-политичкиот контекст и тн. дискретните категории во однос на прашањето за отвореноста на телото за припадност кон ризични групи (ХИВ и други преносливи болести) наспроти здравјето на генералната јавност. Според тоа, телесните метафори, капацитетот на телото да афектира и да биде

афектирано, колективните симболи, традиционалното бинарно спротивставување и нивното детронизирање преку современите теоретски достигнувања, прашањето за идентитетските категории на род, пол и сексуалност и институционалните механизми на дисциплинирање на телото и субјектот – се конститутивните елементи кои ја етаблираат оригиналноста, сериозноста и оправданоста на ова научно истражување на м-р Ирена Цветковиќ.

Така, истражувањето ќе остане во рамките на современите теории на културата и компаративистиката со елементи низ призмата од родовите и социолошките студии и интермедијалните толкувачки стратегии. Посебно треба да се нагласи дека докторантката посветува особено внимание на перформативноста на родот, симболичката перспектива на емоциите и нивната перцепција како социјални конструкти во јавен простор.

Синопсисот на предложената докторска дисертација и предложената теоретска и рефрентна литература покажуваат дека кандидатката м-р Ирена Цветковиќ е на добар пат да го спроведе ова истражување во склад со релевантните научно-истражувачки стандарди за изработка на докторска дисертација. Комисијата посебно го нагласува и аргументот, дека кандидатката магистрираше на тема со наслов „Идентитети и заедници во кибер простор" во која значаен дел зазема областа на културната теорија, хегемонистичката политика на телото, социолошките дилеми поврзани со темата на идентитетот, заедниците, себството и социјалните интеракции во виртуелниот простор. Исто така, проследувајќи ја био и библиографијата на кандидатката, која во 2006 година дипломирала на Филолошкиот факултет во Скопје, на катедрата за општа и компаративна книжевност на тема со наслов „Дисциплинирање на женското тело преку женски списанија" каде таа ги испитувала начините на кои популарните дискурси ги дисциплинираат женските тела преку креирање на стандарди и модели на прифатливо и идеално женско тело – ја подвлекуваме и истакнуваме нејзината долгогодишната истражувачка активност и упатеност во предложениот докторски елаборат.

Врз основа на гореизнесеното и врз основа на фактот што до сега во рамките на македонската наука прашањата за телото, емоциите и моќта не биле проучувани низ призма на постмодерната културната теорија, ниту пак биле предмет на интерес во рамки на компаративните и родовите студии врз основа на конкретни квалитативни докази во конкретен општествен контекст во РМ, Рецензентската комисија во состав: Доц. д-р Софија Грандаковска, Доц. д-р Рубин Земон и Доц. д-р Бошко Караџов, му предлага на Наставно-научниот совет на Институтот за општествени и хуманистички истражувања „Евро Балкан" од Скопје ова докторско истражување да го одобри и да го даде во натамошна процедура.

**Рецензентска комисија**:

1. Доц. д-р Софија Грандаковска, с.р.
2. Доц. д-р Рубин Земон, с.р.
3. Доц. д-р Бошко Караџов, с.р.

**8. Извештај на рецензентската комисија за оценка на научната издржаност на тема: „Американско-турските односи и Балканот по завршување на Студената војна“ пријавена за изработка на докторска дисертација од страна на кандидатката м-р Дренуша Камбери;**

**БР.07.01/3/7, 30-01-2012 г.**

**До Наставно-научен совет на**

**Институтот "Евро-Балкан", Скопје**

ИЗВЕШТАЈ

НА РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНКА НА НАУЧНАТА ИЗДРЖАНОСТ НА ПРИЈАВЕНАТА ТЕМА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА

Со одлуката бр. 05.12/809, донесена на петтата седница, на Наставно-научниот совет на Институтот "Евро-Балкан", одржана на 23 декември 2011 година, избрани сме за членови на рецензентската комисија за оценка на научната издржаност на темата за докторска дисертација под наслов: „Американско-турските односи и Балканот по завршувањето на студената војна„: поднесена од м-р Дренуша Камбери.

По разгледувањето на приложениот материјал, комисијата има чест на Наставно-научниот совет да му го поднесе следниот

ИЗВЕШТАЈ

Биографски податоци и научна подготвеност на кандидатот

М-р Дренуша Камбери е родна на 02.08.1986 година во Гостивар. Своето високо образование го стекнала на факултетот за Јавна администрација и политички науки при Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, каде во 2008 година дипломирала (со просечна оцена 9.95), а во 2010 година, ги завршила последипломските студии на Дипломатија (во времетраење од четири семестри и со завршна просечна оцена 9.73) стекнувајќи се со стручен назив Магистер по Дипломатија.

За време на студирањето до денес била учесник на различни проекти, курсеви семинари и други активности како на пример: Project "Pupils as active participants at crisis situations" (организирано од Institute of Psychology, Philosophic Faculty, Skopje, 2000-2001); Multiethnic project "Dancing Brings Us Together" (подржано од OSCE, 2003-2005); Winter University "Culture and Technology in Munich" (организирано Technische Universität München, and DAAD, 8-29 January, 2007); Summer Course "European Competion Law and Policy" (организирано од Twinning project, 03-06 July, 2007);Workshops: "Promoting human values" (организирано од International Red Cross, Ohrid, 28.02-02.03.2003 and Mavrovo, 22-25.05.2003); Training "Facing Europe, Facing difference" (организирано од Center for Balkan Cooperation, "Loja", and South East European representative of Deutsch-Franzosisches Jugendwerk, Mr.Frank Morawietz, 14-17 September 2005); Seminar "Let's Make a Difference" To be Multiplier for Social Changes (организирано од Center for Balkan Cooperation, "Loja", July-August 2005); Seminar "European Union Project Management. How to write and finance a successful application for EU funds in educational sector" (организирано од University of Information Technology and Management in Rzeszow & EURO – Balkan, 08-12 September, 2008); Simulation Seminar "Shaping the future of Europe" (организирано од Konrad Adenauer Stiftung, 06-09 October, 2009) како и други on- line курсеви. Меѓудругото кандидатката во периодот од јули до септември 2007 обавила и Internship во International Organization for Migration а во периодот од мај до јуни 2009 година работела во одделот за хармонизација на со ЕУ и меѓународните односи при Министерството за финансии на Република Македонија.

**Осврт кон предложената тема:**

Темата кој ја предлага кандидатот м-р Дренуша Камбери: „Американско-турските односи и Балканот по завршувањето на студената војна„: е современа и актуелна тема која се однесува на надворешната политика на Соединетите Американски Држави и на Турција, на појавата на нео-отаманизмот во Турција и нејзинот потенцијал на издигнување на регионална сила. Акцентот е ставен на односите на овие две држави со посебен осрвт на анализа на улогата на нивната политика кон Балканските држави. Со

оваа тема всушност детално се навлегува во политиките на две држави кои имаат многу битна улога во регионалната политика и стабилност во балканскиот регион. Кандидатката прави осврт на повеќе објаснување во однос на развојот на меѓународните односи, заради проучување на етичката, правната и политичката ефективност на посебните држави и на меѓународната заедница, во воспоставување и оддржување на мирот во овој регион и негово интегрирање во пошироките регионални и меѓународни институции. Поради комплексноста и постојаните промени во меѓународните односи горенаведените прашања, уште претставуваат отворени дилеми и постои просотор за дополнителни истражуавња. Имено придонесот на ова истражување во научната мисла е соддржана во нејзината цел која се однесува на дефинирање на улогата на американско-турските односи во настаните во Балканот по 1989 година и проучување на внатрешните и надворешните фактори кои директно или индиректно имаа влијание во креирањето на надворешната политика на овие две држави.

Истражувањето е поставено врз основа на анализата на две многу битни прашања кои се однесуваат на: постоење на заеднички стратешки интереси меѓу САД и Турција на Балканот и нивната евентуална соработка во овој регион? Со помош на дополнителни прашања кои се однесуваат на националните вредности и идеали (заложбата и почитта кон демократијата, владеењето на правото, човековите права и слободи, економскиот развој, националната безбедност, и секуларизмот), кандидатката има за цел да дефинира дали интересите и мотивите на овие две држави се совпаѓаатаат или спротивставуваат.

За да додје до одговор на горенаведените прашања кандидадтката во своет истражување ќе ја користи методологијата на квалитативен пристап, односно следнит методи: историскиот, дескриптивниот и компаративниот, анализата и синтезата.

Преку историскиот метод кандидатката дава еден општ осврт на ситуацијата односно степенот на достигнат развој на односите помеѓу двете држави, која детално ќ биде објасната со помош на дескриптивниот метод, како и со компаративниот метод, в делот во кој се објаснува улогата на политиките на двете држави во однос на Балканот. З

развојот на меѓународните ситем и промените во надворешната политика и импактот на истата врз стабилноста на Балканот истражуавњето на кандидатката се заснова на примена на дедуктивен пристап на анализа и тоа поделена на три нивоа: анализа на развојот на меѓународните односи, според неореализмот според Kenneth Waltz и неолиберализмот според Joseph Nye; колективната улога на креаторите на политики и нивните советници; и анализа на настаните на балканскиот простор, во периодот кој е предмет на истражување. Оттука, користењето на теоретскиот пристап е секако од особено значење за истражувањето, кој во оваа теза ќе се користи за опис на настанатите промени во градење на структурата на моќта и рамнотежата на сила.

За изработка на оваа тема, кандидадтката ќе се служи со разни извори на информации од богата странска литература, која е добра основа и за користење на спротивставени мислења кои секако тезата ја прават пообјективна.

**Заклучок**

Имајќи го досега изнесеното, позитивно ја оценуваме научната издржано предложената тема за докторска дисертација, поденсена од м-р Дренуша Камбери на „Американско-турските односи и Балканот по завршувањето на студената војна„ и имаме о задоволство да му препорачаме на Советот да ја одобри изработката на предло дисератција.

Скопје, 16 јануари 2012

Рецензентска комисија:

1. Проф. Д-р Јован Донев, с.р.
2. Проф. Д-р Звонимир Јанкуловски, с.р.
3. Доц. Д-р Јорданка Галева, с.р.

**9. Извештај на рецензентската комисија за оценка на научната издржаност на тема: „Помеѓу естетското и комуникативното. Плакатската уметност во дигиталното доба" пријавена за изработка на докторска дисертација од страна на кандидатот м-р Игор Сековски;**

**БР.07.01/3/9, 07-02-2012 г.**

# Институт за општествени и хуманистички истражувања „Евро-Балкан"

**Школа за регионални студии**

## БИЛТЕН, I/30

**10 април 2012**

До Советот за научна дејност и последипломски студии на Институтот „Евро-Балкан", Скопје

Со Одлука бр. 05.12/768, донесена на четвртата седница на Советот за научна дејност и последипломски студии на Институтот „Евро-Балкан" одржана на 6 декември 2011, избрани сме за членови на Рецензентската комисија за оценка на научната издржаност на темата, врз основа на поднесениот елаборат на предлогот за изработка на докторска дисертација под наслов: „Помеѓу естетското и комуникативното. Плакатската уметност во дигиталното доба" од м-р Игор Сековски и по тој повод имаме задоволство да го поднесеме следниот

**ИЗВЕШТАЈ**

**1. Биографски податоци и научна подготвеност на кандидатот**

М-р Игор Сековски е роден 1972 во Скопје, Република Македонија. Дипломирал на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Факултет за ликовни уметности во Скопје, сликарски оддел со конзервација и реставрација и рачно правена хартија во 1997 со просечна оценка 9.73. Во текот на 2000/2001 бил студент на специјалистичките студии по сликарство на Мусашино универзитетот за уметност во Токио, Јапонија, 2001 се запишал и 2003 магистрирал на постдипломските студии по дизајн на Џошиби универзитетот за уметност и дизајн во Канагава, Јапонија. Освен тоа, кандидатот е обитник и на 3 награди и 1 стипендија за највисоки постигнувања во процесот на високото образование. Во два наврата има остварено и два вонредни студиски престои и посети во Нирнберг, Германија и Токио, Јапонија.

Во рамките на уметничкото творештво, Сековски во периодот 1998-2011 има остварено 5 самостојни изложби, во периодот 1996-2011 учествувал на 27 групни изложби во Македонија и во странство и на два пати учествувал на ликовни колонии во Македонија.

Во рамките на дизајнот автор е на 5 остварувања, а 2003-7 работи и во рекламните агенции „Grey Worldwide" и „Creative Solutions" од Скопје.

Во перидот април 2002 - март 2003 работи како асистент на проф. Јамада Аико по предметот развој на дизајнерскиот концепт, на Џошиби универзитетот за уметност и дизајн во Канагава, Јапонија. Од 2007 е вработен како доцент на Факултетот за арт и дизајн при Европскиот универзитет, Република Македонија на предметните програми во првиот циклус на студии: техники на сликање 1 и 2, дизајн на плакат и амбалажа, дизајн на книга со илустрација и во вториот циклус на студии: група предмети од графички дизајн.

Во приложената пријавна документација нема податоци за научно-истражувачка работа на кандидатот.

**2. Подобност на темата**

Предложената тема „Помеѓу естетското и комуникативното. Плакатската уметност во дигиталното доба“ од м-р Игор Сековски го заслужува вниманието на едно научно поставено истражување од два аспекта: првиот е важноста и влијанието на дигиталната технологија во/врз промената на технологијата на графичкиот дизајн (со што радикално се менува и дизајнерското обликување) и, вториот, промената на комуникациските концепти и стратегии во сегашниот, а особено во понатамошниот развој на графичкиот дизајн, како културолошка компонента од којашто се исчитуваат различни содржини на денешницата.

Во оваа насока се движи и предлогот на кандидатот, образложен во елаборатот, а кој во основа ја содржи дискурзивноста на една технолошка и индустриска алатка и концепција и нивните употреби во рамките на уметничкото обликување. Така, целиот труд е поделен во три дела. Во првиот дел, „Плакатот помеѓу двете крајности: убавото во функција на комуникацијата помеѓу производителот и потрошувачот“, ќе бидат анализирани функциите на плакатот и неговиот дизајн, поставени преку опозитниот однос помеѓу безинтересноста на уметничкото и телеолошкото на дизајнот; во вториор дел, „Технолошката условеност на плакатскиот дизајн: специфики на дигиталното обликување“, се предвидува да се анализираат, а со тоа и да се разлачат спецификите на разликување на досегашниот начин на обликување во графичкиот дизајн од дигиталниот, односно од можностите и ограничувањата (а со тоа предностите, но и можните спорни места) во дизајнерската употреба на дигиталните софтверски можности и алатки; во третиот дел, „Комуникативни преобразби: од еднонасочност кон интеракција и интерактивност“, ќе се направи обид за промислување на резултатите и/или последиците од употребата на дигиталните технологии како комуникативни алатки во понатамошната преобразба на културните матрици на однесува (комуникација) и начинот и на употребата и создавањето на нови комуникативни кодови и урнеци и на создавањето на поинакви значењски и симболички вредности во ракмите на естетското.

Во вака поставното истражување ќе се одвива според историската и компаративната методолошка алатка, при што се вклучени и 27 првични библиографски единици како појдовни истражувачки референци во понатамошната работа и истражување.

**3. Заклучок**

Оттука, предметот на истражување, предвидената истражувачка методологија, теоретската база и листата на референци, укажуваат на подготвеноста на м-р Сековски да изработи сериозен научен труд, кој ќе ја осветли проблематиката на плакатската уметност денес. Сметаме дека ваквото истражување на рамниште на докторска дисертација ќе претставува драгоцен придонес во областа на визуелната култура на денешницата и на комуникациските промени внатре и надвор од неа.

Имајќи го ова предвид со задоволство му предлагаме на Советот за научна дејност и последипломски студии на Институтот за општествени и хуманистички науки

„Евро-Балкан" од Скопје да ја одобри работата на предложената докторска дисертација под наслов: „Помеѓу естетското и комуникативното. Плакатската уметност во дигиталното доба" од м-р Игор Сековски.

д-р Небојша Вилиќ, ред. проф., с.р.

д-р Софија Грандаковска, доцент, с.р.

д-р Иванка Апостолова, доцент, с.р.

27 јануари, 2012 година, Скопје

**10. Извештај на рецензентската комисија за оценка на научната издржаност на тема: „Евроазиската супранационална интеграција и нејзините импликации врз меѓународните односи" пријавена за изработка на докторска дисертација од страна на кандидатот м-р Дејан Георгиевски;**

**БР.07.01/3/6, 30-01-2012 г.**

**До Наставно-научниот совет на**

**Институтот "Евро-Балкан", Скопје**

ИЗВЕШТАЈ НА РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНКА НА НАУЧНАТА ИЗДРЖАНОСТ НА ПРИЈАВЕНАТА ТЕМА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА

Со одлуката бр. 05.12/809, донесена на петтата седница, на Наставно-научниот совет на Институтот "Евро-Балкан", одржана на 23 декември 2011 година, избрани сме за членови на рецензентската комисија за оценка на научната издржаност на темата за докторска дисертација под наслов: „Евроазиската супранационална интеграција и нејзините импликации врз меѓународните односи„, предложена од кандидатот м-р Дејан Георгиевски.

По разгледувањето на приложениот материјал, комисијата има чест на Советот за научна дејност и последипломски студии да му го поднесе следниот

ИЗВЕШТАЈ

# БИЛТЕН, I/30
**10 април 2012**

**Биографски податоци и научна подготвеност на кандидатот:**

М-р Дејан Георгиевски дипломирал на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје 1998 година, а своето магистерско звање го стекнува во 2001 година, на Правниот факултет при Универзитетот на Леиден, Холандија, на псотидипломските студии по Право на Европската Унија. По дипломирањето работел во различни меѓународни институтции каде се стекнува со богато професионално искуство.

Во периодот од октомври 1998 до јуни 1999 година работел како правен советник на Commercial Law Project, при USAID / Center for Financial Engineering in Development во Скопје, а од октомври 1999 до февруари 2000 бил анагжиран како регионален координатор на малдинскиот центар на центар на Cooperazione e Sviluppo/European Community Humanitarian Organization, во Штип и Куманово. Во 2000-та година во периодот помеѓу април и јули работел како правен асистент при American Bar Association / Central and East European Law Initiative, во Скопје, а во периодот помеѓу јуни 2005 до март 2006 година, бил програмски консултатн при - American Bar Association/Rule of Law Initiative – Armenia (ABA/ROLI) во Јереван, Арменија. Во периодот помеѓу февруари 2003 и ноември 2004 година работел како правник во - Registry of the European Court of Human Rights / Council of Europe во Стразбур, Франција. Своето искуство како предавач (мај 2006-април 2007) а подоцна како асистент (април 2007 до декември 2008) го стекнува на Правниот факултет на American University of Armenia, во Јереван, Арменија, а во периодот помеѓу февруари 2007 до мај 2008 година работел како Pro Bono International Consultant при Judicial School of Republic of Armenia. Во 2008 година во краток период од април до јуни 2008 година работел исто како меѓународен набљудувач во Office for Democratic Institutions and Human Rights (ODIHR)/ Organisation for Security and Cooperation in Europe (OSCE) во Јеравн, Арменија.

**Осврт кон предложената тема:**

Темата кој ја предлага кандидатот м-р Дејан Георгиевски: „Евроазискат супранационална интеграција и нејзините импликации врз меѓународните односи„, е современа и актуелна тема во која се опфатени повеќе аспекти на вековопостоечкото политичко, економско, културно и друго здружување на одредени земји од Азискиот континент, како и идната супранационална економска и до неакде политичка интеграциј на земји од евроазискиот континент, кој би можеле да претставуваат потенцијален ривал или пак пример за Европската Унија. Истражувањето е интересно и од аспект на проценка на импактот на оваа заедница врз зајакнувањето на улогата на светската политичка сцена на импактот врз политичката стабилност општо и врз привлекување на нови кандидати од Европа кои се потенцијални членки за влез во ЕУ а истото право не можат сеуште да го остварат. Кандидатот исто така упатува на анализа со која би се опфатиле воспоставување на евентуалните економски односи помеѓу Евроазиската Унија и Македонија чии резултати би биле полезни или основ и за понатамошни истражувања.

Кандидатот во своето воведно излагање предлага опстоени аргументи за проблемите кои се предмет на неговото истражување, односно, за анализата на досегашната евроазиска интеграција и идната супранационална економска и евентуално политичка интеграција, ставајќи го акцентот на реакцијата на другите актери во регионот и

пошироко, односно на ЕУ и САД и на прашањето како истата може да предизвика интерес и за дополнително истражување во доменот на процесот на интеграција од страна на други држави. Интересно е што државите од еуроазиската унија ќе го користат искуството на Европската Унија за нивен понатамошен развој, а истражувањето подоцна може да се искористи и како пример кој ЕУ може да го користи за свој понатамошен развој.

Во поглед на методологијата кандидатот поставува суштински прашања кои ќе бидат водечки во истражувањето и се однесуваат на: степенот на развојот на супранационалната економска унија и супранационалната политичка и економска унија и колку истата би била предизвик за нови потенцијални кандидати, во овој поглед со посебен осврт на Турција, која е веќе потенцијален кандидат за Европската Унија. Во овој поглед, истражувањето посебен акцент ќе стави на реакцијата на ЕУ во поглед на интегрирање на нови членки од Европскиот континент и на евентуално доближување на границите со новата заедница, како и на продлабочување на економската соработка помеѓу двете заедници. Примерот на Турција од кандидатот е предложен од две причини од една страна да се види силата или пак флексибилноста на новоформираната унија кон привлекување на нови кандидати и од друга страна како инструмент за етаблирање како на поголема светска економска и политичка сила. Еден од битните елементи во истражувањето е улогата која новата заедница ќе ја добие на светско ниво, имајќи во предвид потенцијално проширување кон регионите богати со енергетски ресурси и евентуалната рекација на другите регионални и светски сили, како на пример ЕУ, САД, Кина, Иран и Индија. Истражувањето ќе ги разгледа и можните алтернативи на соработка помеѓу заедницата и Република Македонија кои би биле солидна основа за развој на понатамошни истражувања.

За остварување на целокупното истражување кандидатот ќе се служи со методот на компаративна анализа, посебно во делот на уставната, правната, законодавната и институционалната поставеност на ЕАУ/ЕАЕУ и ЕУ, за споредба на опсегот и квалитетот на досегашната евроазиска интеграција со првите резултати од новата интеграција, како и за анализата на економскиот и ресурсниот потенцијал и демократскиот и правниот капацитет на поранешните советски републики со тие на ЕУ. Кандидатот ќе го користи реалистичкиот пристап за анализата на стратешките интереси и реакции на големите сили и другите потенцијални кандидати за пристап кон унијата, како и за објаснување на меѓународните односи. Извештаите и судската практика на меѓундародните организации како и мислењата во стручната литература ќе бидат користени за анализа на меѓусебната интегрираност на евроазиските народи. Мислења од стручна литература ќе се корити и за анализа на степенит на поврзаноста на евроазиските народи и народите на Турција и при анализа на евентуални алтернативни економска соработка помеѓи ЕАУ и ЕУ или Македонија.

За изработка на оваа тема, кандидатот предлага разни извори на информации од богата странска литература, која е добра основа и за користење на спротивставени мислења кои секако тезата ја прават пообјективна.

**Заклучок:**

Темата за докторска дисертација која ја предлага кандидатот м-р Дејан Георгиев ја цениме како исклучително важна заради актуленоста на самата тема поврзана со меѓунар односи и европската стабилност и економскиот просперитет во регионот.

Имајќи го досега изнесеното, позитивно ја оценуваме научната издржан предложената тема за докторска дисертација, поденсена од м-р Дејан Георгиевски со „Евроазиската супранационална интеграција и нејзините импликации врз меѓународните од

16 јануари 2012 г.

Рецензентска комисја:

1. Проф. Д-р Звонимир Јанкуловски, с.р.
2. Проф. Д-р Јован Донев, с.р.
3. Доц. Д-р Јорданка Галева, с.р.

**11. Извештај на рецензентската комисија за оценка на научната издржаност на тема: „Меланхолија и политика – Меланхолија на маргинализираниот субјект и заедници во Република Македонија“ пријавена за изработка на докторска дисертација од страна на кандидатката м-р Ана Блажева;**

**БР.07.01/3/8, 07-02-2012 г.**

ДО ИНСТИТУТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ И ХУМАНИСТИЧКИ ИСТРАЖУВАЊА „ЕВРО БАЛКАН“ - СКОПЈЕ

НАСТАВНО-НАУЧЕН СОВЕТ

Со одлука бр. 05-12/807 на Наставно-научниот совет на Институтот за општествени и хуманистички истражувања „Евро-Балкан“ во Скопје од 23. 12. 2011 година, избрани сме за членови на Комисија за оценка на научната издржаност на тема за докторска дисертација под наслов: „МЕЛАНХОЛИЈА И ПОЛИТИКА – МЕЛАНХОЛИЈА НА МАРГИНАЛИЗИРАНИОТ СУБЈЕКТ И ЗАЕДНИЦИ ВО Р. МАКЕДОНИЈА“, пријавена од Ана Блажева, магистер по социолошки и родови студии од Скопје. По извршениот преглед на доставената документација, содржината и образложението на темата, Комисијата го поднесува следниот

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Селективни биографски податоци за кандидатот:**

Родена во 1978 г.

**ОБРАЗОВАНИЕ**

**2010 – во тек** **Едукација за психотерапија** – Гешталт Институт Скопје

**2007 – 2011** **Пост дипломски студии** - Институт „Евро – Балкан", Скопје

**2007 - 2009** **Школа за критичко мислење и дебатирање на прашања поврзани со човековите права** – НВО Контрапункт, Скопје

**2007 – 2008** **Школа за род и политика –** *Истражувачки центар за родови студии,* Институт „Евро – Балкан", Скопје

**1996-2002** **Дипломски студии-** *Институт за Психологија*, Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје

**РАБОТНО ИСКУСТВО**

**2011** **Истражувач – „***Проценка на родово поврзаните прашања со ризикот од ХИВ/СИДА и на пречките што го условуваат рамноправниот пристап до соодветни услуги за превенција и лекување на ХИВ/СИДА*" – ХОПС – Опции за здрав живот

**2009- во тек** **Програмски координатор –** *„Превенција на насилно однесување во основните училишта во Р. Македонија."* – Алгоритам центар, УНИЦЕФ – Скопје и БРО

**2009 -1010** **Истражувач –** *„Род, миграции и интеркултурни интеракции"* – Институт за општествени и хуманистички истражувања „Евро – Балкан" Скопје.

**2009 -2011** **Превентивен работник** – *„Воспоставување на училишна програма за превенција од дрога во Р. Македонија"* ХОПС- Опции за здрав живот и ТРИМБОС иснтитут, Холандија

**2007 – 2009** **Професор по психологија –**СУГС „Марија Кири Склодовска" и СУГС „Кочо Рацин", Skopje

**2008** **Член на стручен тим –** за изработка на *Нови наставни програми за предметите вештини на живеење и унапредување на здравјето за VII одделение како изборни предмети за деветгодишното образование*- Биро за развој на образованието

| | |
|---|---|
| **2008** | **Истражувач -** *Брза проценка и одговор на потребите и можностите за спроведување активности за превенција и помош при употреба на дроги меѓу средношколската младина во град Скопје* – ХОПС Опции за здрав живот, Скопје |
| **2007** | **Член на стручниот тим –** *Анализа за развојот на гимназиското образование во Република Македонија и во другите земји* – Биро за развој на образованието |
| **2007 – 2008** | **Координатор на проектот -** *Спречување на насилството кај средношколците во градот и развивање на меѓусебна доверба* - Алгоритам центар, Скопје |
| **2006 - 2008** | **Едукатор на наставници**- *Проект за модернизација на образование*, Алгоритам центар, Скопје |
| **2006 - 2008** | **Едукатор и координатор**– *Учениците - креатори на сопственото здравје и животна средина во својот град,* НВО Јувентас, Скопје |
| **2005** | **Асистент на проектот-** *Поврзување преку мултикултурно и здравствено образование* –USAID- World Learning |
| **2002** | **Евалуатор-** Информатичка технологија и образование, програма во Р.Македонија- Schoolsonline, USA и Свест |
| **2002** | **Водач на семинари** - *Програма за здравствено образование за средните училишта* – Биро за развој на образование, Скопје |
| **2000-2006** | **Член на експертскиот тим –** *Мрежа на училишта што го унапредуваат здравјето* -European Commission; World Health Organization (WHO); Council of Europe, Биро за развој на образование и Центар за психосоцијална и кризна акција, Скопје |
| **2000-2006** | **Истражувач –** *Студија за однесувањето поврзано со здравјето кај децата на училишна возраст во Р. Македонија*- WHO и Центар за психосоцијална и кризна акција, Скопје |
| **2000-2001** | **Асистент евалуатор и координатор за училишта** – *Виртуелна училница-ИТ, учење и промени* – Биро за развој на образование и Schoolsonline, USA |
| **2000- 2007** | **Асистент на проекти, едукатор, координатор на проекти** во Центарот за психосоцијална и кризна акција, Скопје |

**2000- 2002** **Фасилитатор на проектот** *Млади умови-истражувајќи ги врските меѓу младите, културата и здравјето,* Дански Универзитет за Образование, Копенхаген, Данска

**Објавени трудови**

1. Ѓориќ А, Ќостарова У.Л., Наумова К. (2002): **Младите и „ризичното однесување", причина и(ли) последица?** – Децата и нивната добросостојба – зборник текстови – Студија за однесувањето поврзано со здравјето кај децата на училишна возраст во Р. Македонија, Малинска 54-68

2. Ѓориќ А, Егуменовска К, (2002): **Учество на децата во проектот „Безбедно училиште во заедница под ризик** – Билтен на Македонската мрежа на училишта што го унапредуваат здравјето бр. 10 , Биро за развој на образованието, Скопје, Р. Македонија 22-23

3. Чонтева Ж., Блажева А., Чешларов М., (2006): **Учениците креатори на сопственото здравје и животна средина во којот град –Јувентас,** Скопје

4. Блажева А, Чонтева Ж. (2007): **Прирачник со работилници за современи и креативни методи за учење и техники на учење и осовременување на наставата** – Алгоритам центар, Скопје

5. Чонтева Ж., Блажева А. (2008) **Прирачник за наставата по изборниот предмет – Унапредување на здравјето** - Биро за развој на образованието, Скопје

6. Блажева А., Чонтева Ж. (2008) **Истражувачки проект - Спречување на насилството кај средношколците во градот и развивање на меѓусебна доверба –** Алгоритам Центар, Скопје (во печат)

**Јазици:**
**Англиски** – читање, пишување, зборување
**Албански** – основно познавање (три степени)

**Комјутерски вештини**
Microsoft Office
Internet
SPSS

Според изнесените биографски и библиографски податоци кандидатката Ана

Блажева ги исполнува законските прописи за пријавување тема за изработка на докторска дисертација.

Од содржината и образложението на темата може да се види дека истражувањето ќе се темели на интердисциплинарен пристап во проучувањето на меланхолијата како актуелна тема и проблематика во општествените и хуманистичките дисциплини како и проучување на општествените и културните околности во кои таа се појавува кај маргинализираните заедници. Се предлага основен истражувачки предизвик да биде анализата на начините низ кои меланхолијата станува дел од политичките стратегии за конструирање на субјектите и заедниците, заедно со преиспитување на политичките можности на маргинализираните субјекти и заедници во Република Македонија.

Во предлогот на докторската теза кандидатката Ана Блажева нагласува дека меланхолијата како психолошка состојба и процес ќе бидат анализирани низ достигнувањата на психоаналитичката теорија и комплексните начини низ кои таа се проткајува со културата и во контекст на политиката, сфатена како комплексна реалност на взаемни врски помеѓу луѓето.

Кандидатката Ана Блажева предлага меланхолијата да се истражува од два аспекти. Едниот, да ја согледува меланхолијата како процес на тагување, и притоа, главно, да биде анализиран од аспект на психоанализата, започнувајќи од класиците како З. Фројд, па се до современиците каква што е Ј. Кристева. Вториот ќе ја разгледува меланхолијата во политички контекст и перспектива во современото општествено окружување во Република Македонија.

Истражувачката методологија на докторската теза ќе биде втемелена врз етнографијата со посебна примена на квалитативните методологии заради разбирање на значењата и културните практики во секојдневните контексти. Кандидатката Ана Блажева смета дека од посебна полза за анализата ќе биде примената на критичката етнографија која има политичка цел или претставува критичка теорија во акција. Притоа, основна цел на овој пристап не е само да се разберат ситуациите и истражуваните феномени, туку истите да се променат. Во теренскиот пристап се предлага да се користат класичните етнографски истражувачки техники за собирање податоци: набљудување и интервју.

Комисијата смета дека предлогот за докторска теза формулиран на овој начин е соодветен на предметот на истражувањето. Дополнувањата што веројатно ќе се појават во текот на работата нема битно да влијаат врз основната концепција. Со оглед на фактот што кај нас досега не се извршени ваков вид интердисциплинарни истражувања

на меланхолијата на маргинализираните заедници во контекст на културните политики на емоциите и на идентитетот сметаме дека предложената тема ќе претставува придонес кон развојот на теоретските достигнувања и пристапите во општествените и во хуманистичките дисциплини кои на соодветен начин ги третираат предложените прашања, а се надеваме дека резултатите од предложената доктроска теза ќе помогнат во сферите на креирање политки во пракса во современото македонско општество.

Врз основа на изнесеното, Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Институтот за општествени и хуманистички истражувања „Евро-Балкан" во Скопје, темата под наслов: „МЕЛАНХОЛИЈА И ПОЛИТИКА – МЕЛАНХОЛИЈА НА МАРГИНАЛИЗИРАНИОТ СУБЈЕКТ И ЗАЕДНИЦИ ВО Р. МАКЕДОНИЈА", пријавена од Ана Блажева, магистер по социолошки и родови студии од Скопје, да ја прифати како научно издржана за докторска дисертација и на кандидатката да и одобри пристап кон изработка на истата.

За ментор при изработката на оваа докторска дисертација се предлага д-р Љупчо С. Ристески, вонреден професор на Институтот за етнологија и антропологија на ПМФ на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

18.01.2012
С к о п ј е

ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА,

1. Д-р Љупчо С. Ристески, вонр.проф. на Институтот за етнологија и антропологија при ПМФ, УКИМ во Скопје, с.р.

2. Д-р Деспина Ангеловска, вонр. проф. на Институтот за општествени и хуманистички истражувања „Евро-Балкан", с.р.

3. Д-р Бошко Караџов, доцент/ научен советник при Институтот за општествени и хуманистички истражувања „Евро-Балкан", с.р.

**12. Извештај на рецензентската комисија за оценка на научната издржаност на тема: „Византиската музичка култура на територијата на Македонија во периодот на националната преродба" пријавена за изработка на докторска дисертација од страна на кандидатката м-р Мирјана Павловска-Шулајковска;**

**БР.07.01/3/5, 30-01-2012 г.**

До

Советот за научна дејност на

Институтот "Евро Балкан" - Скопје

Со одлука на Наставно-научниот совет на Институтот "Евро-Балкан" бр. 05.12/813 од 23. 12. 2011 година избрани сме за рецензентска комисија за оцена на научната издржаност на темата за докторска дисертација со наслов "Византиската музичка култура на територијата на Македонија во периодот на националната преродба" од кандидатката м-р Мирјана Павловска Шулајковска.

По разгледувањето на приложениот материјал, Комисијата го доставува на Советот на Институтот следниов

И З В Е Ш Т А Ј

А. Биографски податоци и работно искуство

Мирјана Павловска Шулајковска е родена во 1970 година во Скопје. Има дипломирано на Факултетот за музичка уметност на два отсека: Музикологија и Пијано. Во 2006 год. на истиот факултет магистрираше на отсекот по Музикологија.

Во периодот од 1997 до 2000 година работи во редакциите за култура на Телевизија Сител и во Македонската телевизија, каде што има остварено повеќе музичко-документарни емисии и друга обработена програма. Вниманието на културната јавност го сврте со своите коментари и интервјуа во дневните емисии на Телевизија Сител, како и со тематските емисии: "Музиката како применета уметност", музичките портрети на композиторите Стефан Гајдов и Тихомир Карапанчев, критичкиот осврт на "Мајските оперски вечери" и други.

Во следната 1998 година Мирјана Павловска Шулајковска преминува во Македонската Телевизија, каде што продолжи да се претставува со свои коментари, рецензии, интервјуа и портрети на македонски музички уметници. Особено забележани беа нејзините осврти на музичките манифестации, како што се "Интерфест", "Мајски оперски вечери" и "Охридско лето", како и телевизиските преноси на концерти на класична музика и преносите со коментари на црковни богослужби по повод големите христијански празници.

Од 2000 година започнува да работи и како професор по пијано во ДМБУЦ "Илија Николовски Ѓ Луј", но, и понатаму продолжува со интензивна научно-истражувачка дејност и публицистика. Настапува на републичките симпозиуми, со реферати во коишто се осврнува на современите музички настани и појави, а неретко и на теми од нашето поблиско музичко минато. Еве само некои од насловите на бројните реферати на Мирјана Павловска Шулајковска:

- "Развојот на музикологијата во Македонија" (Струшка музичка есен 2000),
- "Концертите на сериозна музика во Скопје 1944-1954"
(магистерски студии)
- "Пијанистичките концерти во Македонија 1944-1955 (во Контакт бр. 1),
- "Пијанистичките концерти во Македонија 1955-196" (Симпозиум на Здружението на педагозите по пијано на Македонија),
- "Тодор Скаловски и Трајко Прокопиев во македонската музичка публицистика" (Музика бр. 15),
- Влијанието на гудачкиот квартет жГајдовж во развојот на изведувачката дејност во областа на камерната музика во Македонија" (Музика бр. 15),
- "Улогата на музиката во образовниот процес" (Симпозиум на ФМУ),
- "Влијанието на Драган Шуплевски во развојот на македонската музичка култура" (Струшка музичка есен 2011) и други.

М-р Мирјана Павловска Шулајковска во 2010 година го привлече ниманието на музичката, како и на поширокaта културна јавност во нашава Република со монографијата посветена на животот и делото на првата школувана оперска певица во Македонија, примадоната Данка Фирфова. Со оваа монографија чиј наслов е "Данка Фирфова - живот посветен на музиката", Мирјана Павловска Шулајковска се претстави како истраен и, пред с", темелен истражувач. Низ зборови, многубројни фотографии и богата документација таа успеа да го прикаже профилот на жената-уметник чиешто животно дело, остварено и повеќекатно потврдено и на оперски сцени надвор од Републикава, претставува огромен придонес кон афирмацијата на македонската музика и на националната култура во целина.

М-р Мирјана Павловска Шулајковска е силно предадена и на педагошката дејност за што

говорат одличните резултати кои ги постигнува како професор по пијано. Во последниве неколку години таа е добитник на цела низа признанија од кои повеќето се први награди освоени од нејзините ученици на разни републички и меѓународни натпревари. За нејзината посветеност на своите ученици говорат и повеќе десетици одржани јавни часови и учество на ревијални и завршни годишни и други концерти со нив.

Б. Предмет на истражувањето (проблем / тема)

Во насловот на докторската теза предложена од м-р Мирјана Павловска Шулајковска (Византиската музичка култура на територијата на Македонија во периодот на Националната преродба) се содржани двата клучни термини: византиската музичка култура - како колективен продукт на анонимната уметничка практика на народите кои ги населуваа територијата на пространата Римска Империја и националната преродба - како важна, а можеби и пресудна фаза во развојот на македонската култура во која преродбениците интелектуалци под влијание на европскиот романтизам ги поставија нејзините нови темели и го насочија нејзиниот иден развој со досег до нашево време.

Судејќи според предметот на истражувањето и прашањата кои ги поставува во својот предлог за докторската теза, во која неретко се насетуваат и нивните одговори, за м-р Мирјана Павловска Шулајковска територијата на Македонија претставува нераскинлив духовен простор од триконтиненталната Византиска империја. Оттука, византиската уметност, а во тие рамки и црковната музика создавана на територијата на Македонија не можат да се посматраат издвоено и надвор од историскиот контекст на византиската култура.

Македонската музикологија во последниве децении интензивно се занимава со истражувањата на музичките институции и на поедини истакнати претставници на македонската музичка култура во втората половина на деветнаесетиот век. Овој процес според м-р Мирјана Павловска Шулакковска следеше како последна фаза во заокружувањето на на сите сегменти неопходни за вбројувањето на македонската музичка култура во развиените современи музички култури. Иако таа, како и воопшто културата на тлото на Македонија, како ретко каде има континуитет од првобитните цивилизации до денес, истражувањата во ретроградна насока во понирањето во подлабоките слоеви на

музичката култура се во прилог на разоткривањето и дополнувањето на делови од големиот културен мозаик на македонската култура воопшто.

В. Историско-теоретската основа на темата

Македонија како лулка на словенската писменост, со своите развиени културни центри како што биле Охрид, Струмица и некои други градови, била истовремено и жариште на духовната музичка култура. М-р Мирјана Павловска Шулајковска го подржува и го продлабочува општо прифатеното гледиште на македонската музикологија, дека првичниот допир на византиските црковни напеви со словенскиот текст, преведен од грчки јазик од Солунските Браќа св. Кирил и Методиј, се одиграл во Македонија, означувајќи ги почетоците на словенската црковна музика и музичка писменост. Имено, низ прилагодувањето на тие напеви кон новиот словенски текст во метро-ритмичка смисла, се оформуваат првите специфики на словенското пеење, во пошироката, и на македонското во потесната смисла на зборот.

М-р Мирјана Павловска Шулајковска во својата експликација на предлогот за докторската теза ги користи и постојните извори (легенди, житија) кои зборуваат во прилог на тоа дека свв. Кирил и Методиј како високо образовани луѓе биле добро упатени и во теоријата и практиката на црковното пеење и дека голем дел од литургиските текстови биле музички исполнувани. Нивните ученици свв Климент и Наум Охридски, продолжувајќи ја просветителската дејност на своите учители, имаат неизмерно значење за натамошниот развој на културата и посебно на црковното пеење. Во овој поглед посебно значајна е улогата на св. Климент Охридски и на неговата Голема школа во Охрид, која стана расадник не само на голем број свештеници, туку и на црковни пеачи.

Во амбиентот во којшто беше започнал процесот на создавање сопствени духовни вредности на почва во која словенската писменост, културата и просветата веќе беа пуштиле корени, во втората половина на X век, беа созреани условите Самоил (976-1014) да ја создаде својата држава, а во овие рамки и македонската црква. И покрај тоа што во овој период постојано се водат војни, се забележува значителен подем на културно-просветниот живот. Остатоците на материјалната култура од времето на самоиловото владеење јасно говорат за почеток на словенска епоха, во која, во услови на прекинати

врски со Цариград и со другите византиски духовни центри, се појавуваат нови стилски насоки во уметноста, литературата и архитектурата со препознатливи словено-македонски карактеристики. На планот на музичката култура во овој период настанува уште порешително свртување кон сопствените песнопојни традиции и создавање на свој музички израз. Навистина, влијанието на грчката култура во македонските градови е с"уште силно, но, како резултат на с"вкупниот општествен развој, во Македонија нараснува словенската цивилизациска свест, а со неа и некои тенденции за дистанцирање на македонското духовно и културно живеење од византиското.

Поттикната од написите на музикологот Драгослав Ортаков, М-р Мирјана Павловска Шулајковска чувствува потреба да се разјасни, на кој начин продолжила традицијата на Климентовата школа по распадот на Самоиловото Царство и во наредниот период кога Македонија се нашла под власта на соседните словенски феудални господари. Во оваа смисла не помалку ја интригираат трудовите на Владимир Мошин, кои потврдуваат претпоставки за македонското потекло на мошне значајни ракописни споменици од постклиметовиот период: Битолскиот триод од ЦИИ век, кој му се припшува на св. Климент Охридски, потоа фрагмент со екфонетски знаци од ракопис од битолскиот крај од истиот век, прочуениот Болоњски псалтир од ЦИИИ век, како и познатата охридска збирка на невматски ракописи, за која во науката постои посебно интересирање.

По паѓањето на Константинопол под власта на Османлиите прекинатиот континуитет на создавање црковно-музички творби во Македонија доведува до засилување на усната традиција, преку која е овозможен поголем пробив на фолклорните елементи во црковното пеење. Така, во периодот од ЦВ до почетокот на ЦИЦ век, од една страна биле недоволното познавање на византиската нотација и релативно слабата индивидуална творечка активност, а од друга страна е времето кога најизразено се оформиле карактеристиките на македонското црковно пеење, чии основни карактеристики биле исдиференцирани уште во најраните периоди на словенската писменост и подоцнежните ориентални примеси во црковното пеење што се задржале до денес во нашата црковно-музичка практика.

Како резултат на овие состојби, но и реакција на заборавената Кукузелова нотација, во

која со текот на времето се јавило и големо разнообразие во запишувањето на мелодиите, некои автори на црковна музика своите творби ги запишувале со поедноставено музичко писмо. Во овој период Цариградската патријаршија прави напори да си ги поврати власта и да си го обнови својот духовен простор. Заради постигнување на поголема контрола во практицирањето на црковното пеење, како и за негово унифицирање на поширокиот православен простор, таа презема активности за реформирање на музичката нотација. Така,
почнувајќи од средината на XVIII век, кога Османлиската Империја покажува знаци на внатрешно слабеење, Цариградската патријаршија направи неколку неуспешни обиди за реформирање на т.н. Кукузелова нотација. Конечно, таа сложена задача ќе биде завршена на почетокот на XIX век од страна на тројцата духовници Хрисант, Хурмузиј и григориј.
Појавата на Хрисантовата нотација во 1814 г., наидува на масовно прифаќање од црковните peачи на поширокиот балкански простор. Присуството на невматски ракописи со Хрисантова нотација во Македонија довело до потреба од изучување на оваа поедноставена нотација. Од овој период се зачувани голем број ракописи, како и печатени зборници на црковни напеви, меѓу кои и оригинални творби од наши автори. Меѓу нив огромен е придонесот на повеќе музички дејци: Димитар Златанов Градоборски со зборникот "Приеачник за псалт", Јоан Хармосин Ђ Охридски и зборникот "Пасхалија" (1869), Наум Миладин со првиот досега познат учебник по црковно пеење според теоријата на Хрисант, Калистрат Зогравски и неговото монументално дело во четири томови "Восточно црковно пеење", с" до појавата на дејноста на Атанас Бадев и "Златоустовата литургија", кога се случува историската средба на источниот и западниот музички систем.
Освен на овој истажувачки дел од својата докторска теза, М-р Мирјана Павловска Шулајковска особено внимание ќе им посвети и историските настани на планот на музичката култура во ЦЦ век, во кој се случува:
1. Воведувањето на српското црковно пеење во македонските храмови,
2. Реафирмацијата на византиското црковното пеење и неговото обновување во македонските православни храмови и
3. Влијанието на црковното пеење од византиската традиција врз современото музичко

творештво.

Г. Методологија на истражување

Дефинирањето на темата самата по себе го наметнува хронолошкиот пристап кон разработка на татеријата. Овој начин на прикажување преку историскиот метод ќе овозможи приказ на Византиската музичка култура во наведениот период. Преку анализа на проблематиката ќе се оствари дефинирање на карактеристиките на напевите и на македонското црковно пеење. Кон ова ќе биде применет и методот на компаративна анализа, методот на спецификација, дефиниција, компарација, дескрипција. Во обработката на делата од македонски автори од ЏИЏ век употребата на Хрисантовата нотација ќе послужи како методологија кон претставување и анализирање на истите. Кон ова, неоспорна е и музичка анализа на делата на современите македонски композитори. Можно е и формирање на база на податоци со следните параметри: автор на делото, наслов на делото, период на создавање, период на откривање, должина, времераење, форма, нотно писмо, музички родови и др. Преку дистрибуцијата на параметрите ќе биде извршена анализа и синтеза на истите.

Д. Заклучок и предлог

Врз основа на изнесеното за темата, целта на истражувањето, како и исцрпните образложенија за византиската музичка култура, а во нејзините рамки и за развојот на црковното пеење на територијата на Македонија од средниот век, па с“ до периодот на националната преродба на македонскиот народ, навлегувајќи и во суштината на најактуелните случувања на планот на црковното пеење во македонските храмови, како и на неговото влијание врз современото македонско музичко творештво, Комисијата со задоволство му препорачува на Советот да ја прифати изработката на докторската теза со наслов “Византиската музичка култура на територијата на Македонија во периодот на Националната преродба” предложена од м-р Мирјана Павловска Шулајковска.

Членови на рецензентската комисија:

16. 01. 2012

Проф. д-р Јане Коџабашија, с.р.

Проф. д-р Митко Панов, с.р.

Доц. д-р Софија Грандаковска, с.р.

**13. Извештај на рецензентската комисија за оценка на научната издржаност на тема: „Улогата на Почесните Конзули во ерата на глобализација. Потенцијал и перспективи за интензивирано користење на мрежата на Почесни Конзули во дипломатско-конзуларното претставување на Р. Македонија и земјите од регионот" пријавена за изработка на докторска дисертација од страна на кандидатот м-р Живко Груевски;**

**БР.07.01/3/4, 30-01-2012 г.**

**До Наставно-научниот совет на**

**Институтот "Евро-Балкан", Скопје**

ИЗВЕШТАЈ НА РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНКА НА НАУЧНАТА ИЗДРЖАНОСТ НА ПРИЈАВЕНАТА ТЕМА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА

Со одлуката бр. 05.12/804, донесена на петтата седница на Наставно-научниот совет на Институтот "Евро-Балкан", одржана на 23 декември 2011 година, избрани сме за членови на рецензентска комисија за оценка на научната издржаност на темата за докторска дисертација под наслов: *„Улога на Почесните Конзули во ерата на глобализација"* - *потенцијал и перспективи за интензивирано користење на мрежата на Почесни Конзули во дипломатско-конзуларното претставување на Р.Македонија и земјите од регионот* предложена од кандидатот м-р Живко Груевски.

По разгледувањето на приложениот материјал, комисијата има чест на Наставно-научниот совет да му го поднесе следниот

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Биографски податоци и научна подготвеност на кандидатот:**

М-р Живко Груевски дипломирал на економскиот факултет, отсек Бизнис менаџмент и маркетинг, при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј "- Скопје, во 1981 година, а своето магистерско звање го стекнува во 2010 година на Универзитетот Американ колеџ – Скопје, по меѓународни односи и дипломатија. По дипломирањето работел во различни меѓународни и домашни компании каде се стекнува со богато

професионално искуство.

Во периодот од октомври 1982 до јуни 1986 година работел во Одделот за Комерција на пазарот во Северна Америка Макотекс извоз - увоз, Скопје. Од 1986 до 1991 година бил Раководител на претставништво за Југославија на Arly Fashion Ltd, 5250 Ferrier, од Монтреал, Канада. Во 1986 година е сосновач и извршен директор на BeeGee Handelsges.m.b.H, од Виена, Австрија.

Сосновач и претседател на Yucan група на компании, Скопје бил од 1989 година, а во 1994 година сосновачот и претседател на управниот одбор на МАТ-Македонски Авиотранспорт АД, Скопје. Ангажиран бил во својство на стручен консултант во Поштенска банка А.Д. Скопје во 2009 година, а од 2009 година член е на Одборот на директори на GOFI SA Switzerland, група на компании во Р. Македонија.

Од 1998 година назначен е за Почесен Конзул на Канада во Република Македонија, а последователно реизбиран во 2001, 2004 и 2007 година.

Активнивен е и во други Институции и невладини организации: ИОО - Институт Отворено Општество Македонија (Сорос фондација) Член на одбор (1996 - 2002), Американската стопанска комора во Македонија, сосновач и член на Управниот одбор (2000-2005), Евро-Балкан, Институтот - Претседател на Одборот, "Борис Трајковски" Меѓународната фондација, Член на одбор на директори, - УАКС - Универзитетот Американ Колеџ Скопје - Претседател на деловен совет на Универзитетот (2008-2010)

**Осврт кон предложената тема:**

Темата кој ја предлага кандидатот м-р Живко Груевски: *„Улога на Почесните Конзули во ерата на глобализација" - потенцијал и перспективи за интензивирано користење на мрежата на Почесни Конзули во дипломатско-конзуларното претставување на Р.Македонија и земјите од регионот.*, е актуелна и релевантна тема во која се опфатени повеќе аспекти на забрзаната глобализација на светската економија, кои предизвикуваат последици во процесите на динамична трансформација на традиционалната дипломатија Во првата декада од 21 век, институцијата Почесен Конзул добива нова, квалитетна улога во ваквиот процес на трансформација. Во таквите констелации, почесните Конзули се уникатна „алатка" за трговска, туристичка, инвестициска, културна и научна промоција, посебно погодна за „малите држави".

Особено релевантен е аспектот на истражување на постојното ниво на развој, искористеност и организираност на институцијата Почесни Конзули на Република Македонија, како и добивањето на сознанија од позитивните искуства на повеќе развиени земји, кои веќе успешно го развиле и квалитетно го менаџираат програмот за Почесни Конзули. Во оваа смисла е и користењето на искуствата од применети модели ("role models") и нивна компаративна анализа. Анализата на функцијата Почесен Конзул има свои специфики преку застапување на интереси на земјата која го наименувала и истовремено придонесување кон добробитта на својата матична држава.

Истражувањето има димензија и во однос на земјите од Југоисточна Европа преку примерите на Албанија, Србија, Црна Гора, Бугарија и Грција, а во насока на додавање вредност во потенцијали и унапредување на апликативноста на институцијата на Почесен Конзул.

Во поглед на методологијата кандидатот поставува суштински прашања кои ќе бидат водечки во истражувањето и се однесуваат на елементи во историски период на еволутивен развој и обликување на модерната дипломатија и конзуларниот сервис, развојниот процес на кодификација на дипломатското и конзуларно право, влијанијата на глобализацијата и регионализацијата врз процесот на трансформација на „традиционалното“ дипломатско и конзуларно претставување на државите улогата на „новите актери“, новите партиципиенти во современата децентрализирана и диверзифицирана глобална дипломатија, значењето и примената на Виенската Конвенција од 1963 год за конзуларните односи, како и повеќе аспекти од дипломатијата кои се однесуваат на почесните конзули*.*

Апликативноста на ова истражување е изразена преку истражувањето и аналитичката обработка на актуелното ниво на развиеност и употреба на институцијата Почесен Конзул во рамките на современата стратегија за „економска дипломатија“ на министерството за надворешни работи на Р.Македонија како и компаративна анализа за дел од државите во регионот - Албанија, Србија, Црна Гора, Бугарија и Грција. Апликативноста се однесува и на спецификите на Почесните Конзули во однос на познавање на локалните навики, традиција и култура; професионалниот ангажман во сферата на бизнисот, финансиите, науката, културата, спортот, аспекти од јавниот, економскиот и културниот живот, како и користењето на материјалните и финансиските ресурси и други аспекти кои ја поттикнуваат соработката и создаваат долгорочен позитивен ефект. Ваквата поставеност на истражувањето дава солидна основа за развој на понатамошни истражувања од овој вид.

За остварување на целокупното истражување кандидатот ќе се служи со Историски метод; Анализа на содржина; Нормативен метод; Компаративен метод и Интервју. Истражувањето е поделено на теоретски дел и квалитативно-квантитативна аналитичка студија.

За изработка на оваа тема, кандидатот предлага разни извори на информации од богата странска литература, која е добра основа и за користење на различни ставови и мислења кои секако тезата ја прават пообјективна.

**Заклучок:**

Темата за докторска дисератција која ја предлага кандидатот м-р Живко Груевски, ја цениме како исклучително важна заради актуленоста на самата тема поврзана со меѓународните односи и дипломатијата во регионот.

Имајќи го досега изнесеното, позитивно ја оценуваме научната издржаност на

предложената тема за докторска дисертација, поднесена од м-р Живко Груевски со наслов *„Улога на Почесните Конзули во ерата на глобализација*" *- потенцијал и перспективи за интензивирано користење на мрежата на Почесни Конзули во дипломатско-конзуларното претставување на Р.Македонија и земјите од регионот.*

12 јануари 2012

Рецензентска комисја:

1. Проф. Д-р Звонимир Јанкуловски, с.р.
2. Проф. Д-р Јован Донев, с.р.
3. Доц. Д-р Александар Колекески, с.р.

**14. Извештај на рецензентската комисија за оценка на научната издржаност на тема: „Теорија на виолиниските перформанси на Ан Софи Мутер, Ванеса-Мае, Мидори Гото и Хилари Хан" пријавена за изработка на докторска дисертација од страна на кандидатот м-р Ермал Мехмети;**

**БР.07.01/3/11, 21-02-2012 г.**

До Советот за научна дејност и последипломски студии на

Институтот „Евро Балкан", Скопје

**ИЗВЕШТАЈ НА РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНКА НА НАУЧНАТА ИЗДРЖАНОСТ НА ПРИЈАВЕНАТА ТЕМА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА**

Со одлуката бр. 05.12/803, донесена на петтата седница оддржана на 23 Декември 2011, на Советот за научна дејност и последипломски студии на Институтот „Евро-Балкан„, избрани сме за членови на рецензетската комисија за оценка на научната издржаност на темата за докторска дисертација под наслов „Теорија на виолиниските перформанси на Ан Софи Мутер, Ванеса-Мае, Мидори Гото и Хилари Хан„, предложена од кандидатот м-р Ермаљ Мехмети.

По разгледувањето на приложениот материал, комисијата има чест на Советот за научна

дејност и последипломски студии да му го поднесе следниот

**ИЗВЕШТАЈ**

1.Биографски податоци и научна подготвеност на кандидатот м-р Ермаљ Мехмети.

Ермаљ е разноврсен музичар: виолинист, композитор и аранжер. Основно и средно музичко образование завршува во ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј“ во Скопје. Со музичка наобразба продолжува во Тирана, Албанија каде студира и дипломира на Академијата на Убавите Уметности, во класата на светски познатиот виолинист и педагог проф: Ибрахим Мади. За време на студискиот претстој во Тирана формира повеќе џез ансамбли со кои настапува ширум Албанија. Тогаш започнува неговиот интерес за преработка на стара албанска музика и компонирање театарска музика. Со стипендија на француската Влада, специјализира на Националниот Музички Конзерваториум „Алфред Корто“ во Париз во класата на проф. Соланж Десан. Ермаљ Мехмети е активен не само како виолинист на домашната и меѓународната сцена, туку и како композитор и аранжер во разни форми и сфери на музиката, каде успева да го замени звукот на електрична гитара со звукот на виолина.Добитник е на награда за најдобра композиција во Италија во 1995 година. Делото е емитувано на РАИ УНО. Добитник е на награди на фестивалите „Теенс Фест“ и „Нота Фест“. Ермаљ е вработен во Институтот за Фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје каде што магистрира на тема: „Полифоното пеење кај Албанците во Република Македонија, со посебен осврт на Преспанскиот регион“. Во 2006 година тој го формира познатиот дует наречен ДУО СКУПИ составен од самиот виолинист Ермаљ Мехмети и флејтистката Јета Старова Мехмети, од тогаш со голем успех настапува на значајни, фестивали, манифестации и рецитали во Македонија (на пр.Охридско Лето, Есенски Музички свечености, Топол Културен Бран, Скопско Лето, Битолско Лето и Салон 19/19), во Европа (Франција, Италија, Албанија, Црна Гора, Косово, Република Србија, Бугарија, Германија, Швајцарија...) и САД. Добитник на признание “ДИСТИНГУИСХЕД МУСИЦИАНС” на меѓународниот натпревар во Рагуса, Италија. Во Скопје, Република Македонија ДУО СКУПИ е добитник на едно од најзначајните признанија во државата: Статуетка за хумани и музички активности „Мајка Тереза“.

2. Подобност на темата

Во светската музичка сцена постојат огромен број виолинисти кои оставија силен печат на светската музичка сцена. Во барокниот (1685-1741) и класичниот (1771-1824) период се приметува дека познати и врвни виолинисти се особено припадниците на посилниот пол ,додека пак  во периодот на Романтизмот (1815-1931) се појавува само една позната виолинистка припадничка на понежниот пол која била воедно и композиторка, германската виолинистка Мариан Шарвенка. Во историјата на современата музичка сцена на ЦЦ и ЦИ век масивно се појавуваат врвни солистки, виолинистки кои што засекогаш ке остават силни траги во историјата на музичката уметност, како: Анн Сопхие Муттер, Ванесса-Мае Ванакорн Ницхолсон, Мидори Гото и Хиларѕ Хахн.

**Хуманистичкиот дискурс кон жената- виолинист**

Многу воочлив и претставува интересен феномен неприсуствост на жената на светската класична сцена, особено пред дваесеттиот век. Во образовниот процес поголем е бројот на женски професори, педагози и ученици кои ја делат вљубеноста кон виолината, и не само кон тој инструмент и воопшто кон целата музичка уметност, а многу мал е бројот на имиња кои и се позната на музичката публика, кои се лауреати на познатите светски натпревари, кои се солисти на светската сцена. Во листата на најпознатите десет виолинисти на сите времиња, не се наоѓа името на ниту еден женски виолинист. Жените не се забележани на музичката сцена пред ЦИЦ век. Доколку, жена сакала да оствари кариера во музиката, и неможела или несакала да биде солист, многу малку врати биле отворени за нив. Исто како и жените во другите професии, женските виолинисти, требало да се соочат со многу предрасуди, се сметало дека се помалку ефективни како оркестарски свирачи од мажите, и се до воведување на слепа аудиција во средината на дваесеттиот век, многу ретко било давано шанса на некоја виолинистка да го докаже спротивното. Последователно професионалните опции на жените-изведувачи биле многу ограничени и броени во однос на нивните машки колеги.

-Зошто жените виолинистки изнудуваат толку акутна антипатија?

Постојат серија објаснувања, прва и најзастапена е дека виолината немала добра репутација во почетокот на деветнаесеттиот век. Иако виолината била поврзувана со

сатаната повеќе стотици години, конекцијата била потврдена во популарната имагинација од перформансите на Никола Паганини(1782-1840), виолинист кој имал многу маркантен изглед и свирел брилијантно, бил маркиран дека е здружен со ѓаволот. Парадоксално, жените во Викторијанската ера биле сметани за спиритуално послаби и почисти од мажите, и додека се верувало дека треба да бидат заштитени од спиритуалните корозивни форми, исто така се очекувало од нив да постават спиритуален и морален пример во општеството како целина. Свирењето и вежбањтое на инструмент толку долго и толку блиску било поврзувано со ѓаволот и како такво било некомпатибилно за една жена. Другата причина е поврзана со изведбата. Во половата обсесивна Викториева ера, изгледот на мажите и жените била споредувана со сличностите помеѓу виолината и женското тело. Обсегот на виолината е скоро идентичен со опсегот на сопранот, исто виолината и човечкото тело делат исти имања за нивните составни делови(половина, ребро, врат итн.). Повеќето луѓе верувале дека толку очигледно женски инструмент бара, силен, мажествен изведувач *мастер*- да свири и доминира со него, исто како што сметале дека жената треба да биде водена и доминирана од мажот. Жена која свири виолина била обвинувана за себе-сакање. Дури и Sехуди Менухин, роден во 1916г. долго после Викториевата ера, има споделено слична мисла за ова проблематика:

*vЧестопати се имам прашувано дали психолошки има основна разлика помеѓу женската врска со виолината и машката... Дали жената виолинист ја смета виолината повеќе како нејзин глас отколку гласот на тој што го љуби? Дали има елемент на нарцизам, во женската врска и виолината, и дали таа, фактички, во куорозен начин, повеке одговара за целото? Држењето и свирењето на виолината е процес на грижа и вокација, на вадење, создавање на звук кој ги исчекува и трепети под рацете на својот господар.Ѐ*

**Компаративна анализа на темата за истражување**

Жените виолинисти кои со својота интерпретација, технички перформанс, емотивна зрелост ја освоија светската сцена и публика. Нивното потекло, социјално опкружување, музички школи, усовршувања, први изведби, критики, светска слава... се аспекти кои ке бидат истражувани во овој труд. Преку овие четири жени- виолинсти ке се даде заклучок за

интерпретацијата и техниките на ЏЏ и ЏЏИ век и раскинување на култот- виолината како машки инструмент.

- Ан Софи Мутер е германска виолинистка родена во 1963 година во Реинфелден, Германија. Ан почнува да се занимава со музика на пет годишна возраст со изучување на инструментот пијано, кратко време после тоа со изучување на виолина во класата на Ерна Хонигбергер, ученичка на Карл Флеш. После смртта на Хонигбергер таа ги продолжува студиите со Аида Стуки во Конзерваториумот Винтертур.

  По добивањето на голем број награди, таа била ослободена од училиштето за да се посвети потполно на уметноста. На 13 годишна возраст светскиот диригент Херберт вон Карајан ја поканува да свири со Берлинската Филхармонија. Во 1977 година дебитира во Салцбургшкиот Фестивал и со Англискиот Камерен Оркестар под диригентство на Даниел Баренбоим. На 15 годишна возраст ја произведува својата прва снимка на Виолинските Концерти на Моцарт број 3 и 5 со Берлинската Филхармонија под диригентсво на Х. В. Карајан. Во 1980 година, таа го остварува своето Американско деби со Њујоркшката Филхармонија под дириґенство на Зубин Мехта. Во 1985 година, на 22 годишна возраст таа се назначува за почесна колешка на Кралската Музичка Академија (Лондон) и истовремено за шеф на Факултетот за меѓународни студии по виолина и во 1986 година за почесен член. Во 1988 година таа остварува голема турнеја на Канада и САД, свирејќи за првпат во престижниот Карнеги Хол. Во 1998 таа ги отсвирува и ги снима сите сонати за виолина од Бетовен.

- Хилари Хан е Американска виолинистка родена во Лексингтон, Вирџинија во 1979 година. Нејзините студии ги започнува  на три годишна возраст во Пибоди Институтот во Балтимор, потоа на десет годишна возраст е примена Музичкиот Институт Куртис во Филаделфија, и во 1991 година го остварува нејзиното големо оркестарско деби со Балтиморскиот Симфониски Оркестар. Хан го потпиша својот прв музички договор за снимање на шеснаесет годишна возраст во 1996 со „Сонѕ Мусиц„. Дипломира во Институтот на Куртис  во Мај 1999 година. Иако нејзиниот

главен интерес е солистичката дејност таа исто така настапува во камерни ансамбли.

- Ванеса Меј, родена 27.10.1978г. во Сингапур, кога имала само четири години се сели за Англија со својата мајка. На три години учи пијано, а на пет почнува со виолината. Таа била само осум годишно дете кога патува за Бејџинг да учи виолина со Лин Јо Џи и решава да се занимава со виолината професионално. Нејзината мајка професионално ја подржува, менаџира и корепетира на пијано, а се јавува и како продуцент или копродуцент на неколку нејзини албуми. На 11год. била примена на Кралскиот колеџ како најмлад студент, Ванеса настапува често на телевизија, има деби на сцена со Лондонската филхармонија, на 12год. Во 2003год. влегува во Гинисовата книга на рекорди како најмлад солист кој ги снимил двата Бетовени и Чајковски виолински концерти. Од тогаш таа скршнува од традиционалната класична музика и внесува техно елементи во нејзиниот стил. Има продадено над 10 милиони копии на нејзините албуми ширум светот.
- Мидоро Гото, родена во музичко семејство во Осака, Јапонија, нејзиниот талент бил забележан на рана возраст од Зубин Мехта. Ја поканил да свири на рана возраст со Њујоркшката филхармонија, што и помогнало во освојување на светска сцена. Се преселила во Њу Јорк да студира на Џулиард. Додека Мидори работела и се усовршувала во својата изведба имала прилика да возврати, така 1992год. се приклучила кон непрофатибилна организација со која се доближува музичката едукација до младите во Џу Јорк, а потоа се приклучила кон слична организација за младите од Јапан. Додека продолжува да концеретира низ светот, таа ја продолжува својата наобразба и се здобива со диплома по психологија, а потоа и магистрира. Но музиката останува нејзината најголема љубов и начин кој ги поврзува и движи емоциите со која се чувствуваме волшебно.

**Истражувачки прашања:**

Во рамките на овој труд ќе бидат разгледани повеќе прашања и тоа од областа на:

- Историски развој на виолината, почнувајќи од праисторијата и првобитните форми

па се до современата денешна виолина.

- Примена на виолината.
- Техника и интерпретација на виолината.
- Виолински школи: Италијанска, Француска, Американска, Руска и Германска Школа
- Виолинистки во Европа
- Виолинистки во САД
- Виолинистки во Русија
- Согледување на творештвото на виолинистките, во интерпретациската и педагошката дејност
- Присутноста на жените виолинистки во историјата на виолинизмот
- Ан Софи Мутер: Биографија, солистичка дејност, главни интерпретациски карактеристики, каде свирела, солистички или во состави.
- Ванеса Меј: Биографија, солистичка дејност, главни интерпретациски карактеристики, каде свирела, солистички или во состави.
- Мидори Гото: Биографија, солистичка дејност, главни интерпретациски карактеристики, каде свирела, солистички или во состави.
- Хилари Хан: Биографија, солистичка дејност, главни интерпретациски карактеристики, каде свирела, солистички или во состави.

**Методологија на истражување:**

За истражувањето на овој труд ќе бидат користени следните методи:

-Емпирско истражување

- Анализа на соддржина

-Истражување на присуството на жените во современата виолинска историја.

- Истражување на отсуството на жените во бароknaиот и класичниот период како и периодот на романтизмот.

- Со истражувањето ќе бидат опфатени репрезентативни анализи, стручни опсервации.

- Анализи на интерпретациските карактеристики на најистакнатите виолинистки во XX и X” век.

-Анализи на аудио снимки на најзначајните настапи на виолинистките во современата музичка историја

- Анализа на педагошката дејност на виолинистките коишто се истовремено активни како и педагози на инструментот виолина.

Истражувањето ќе започне со анализирањето на литературата со којашто се располага, со анализирањето на историјатот на виолинизмот, виолинистките и виолинската педагогија. Анализата ќе ги опфати едни од најзначајните жени виолинистки со нивните најпознати настапи, снимени записи, нивниот професионален развој, нивните најзначајни достигнувања и нивната биографија. Кон анализите приказите и освртите ќе бидат прикажани и објавените записи на најзначајните светски музички критичари на виолинистките опфатени во овој труд. Оваа докторска дисертација ќе служи како дел од главната литература за идните генерации виолинисти во Република Македонија бидејќи се многу ретки изданијата од ваков тип во нашите простории.

3. Заклучок

Врз основа на гореизнесеното имаме особено задоволство да му препорачаме на Советот да ја одобри изработката на предложената докторска дисертација под наслов „Теорија на виолиниските перформанси на Ан Софи Мутер, Ванеса-Мае, Мидори Гото и Хилари Хан„ предложена од м-р Ермаљ Мехмети,

Комисија:

- Проф д-р Зана Шутериќи Прела, с.р.;
- Проф д-р Јане Коџабашија, с.р.
- Проф д-р Иванка Апостоловска, с.р.